Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

Извештај

# Регионална онлајн тркалезна маса „Видео-тонски конференции во судските постапки: стандарди за човекови права"




јули, 2020 год.

*© 2020 Совет на Европа. Сите права се резервирани. Лиценцирано за Европската унија. Ниеден дел од оваа публикација не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во каква било форма или начин било да е тоа електронски (ЦД Ром, интернет и сл.), механички, вклучително и фотокопирање, снимање или складирање на информации или во систем за извлекување на информации, без претходна писмена дозвола од Директоратот за Комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex or publishing@coe.int).*

*Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка од Европската унија и Советот на Европа. Ставовите што се изнесени во неа во никој случај не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на било која од двете организации.*

Содржина

**I. Преглед: Судска практика на Европскиот суд за човекови права и искуство на одредени земји** 4

1. Судската практика на европскиот суд за човекови права....................4

2. Преглед на искуствата на одредени земји....................4

**II. Процедурални гаранции** 5

3. Учество на сведоци и жртви од далечина и оценување на сведоштвата....................5

4. Презентирање на докази во услови на рочишта од далечина и размена на хартиени документи....................5

5. Јавна природа на рочиштата и пристап на јавноста и медиумите....................6

6. Толкување....................6

**III. Комуникација со адвокат** 7

7. Доверлива комуникација со адвокат во текот на онлајн рочиште....................7

8. Дали во видео-тонската конференција судијата може да го исклучи тонот или целосно да го исклучи адвокатот и/или страната во спорот? кои се продуралните правила?....................8

9. Како треба да се однесува судијата во случаи на лоша врска и неможност на страната да слуша/говори?....................8

10. Дали за рочиштата од далечина има посебни процедурални правила и што треба да се зема предвид во таков контекст?....................8

**IV. Видео-тонски конференции при донесување одлука за определување притвор** 9

11. Дали за определувањето притвор може да се одлучува преку видео-тонска конференција? кои се спецификите на постапката при ваквото одлучување?....................9

Регионалната онлајн тркалезна маса „Видео-тонски конференции во судските постапки: стандарди за човекови права" се фокусираше на различните аспекти на правото на правично судење утврдено со Член 6 на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) во време на пандемијата на Ковид-19, и посебно на обезбедувањето на процедуралните гаранции во судските постапки за време на оваа вонредна здравствена криза.

Ефективното учеството на која било од страните во судскиот процес зависи од нивната способност јасно да се изразуваат и да ги застапуваат своите интереси. Овој принцип е интегрален дел од правото загарантирано со Член 66 од ЕКЧП во граѓанските и кривичните[i], исто како и во управните постапки. Пандемијата на Ковид -19 донесе предизвици во однос на човековите права што се без преседан, вклучително и во областа на правораздавањето, при што почнува се навестува новата реалност: судењата мора да продолжат, а правилата за физичко дистанцирање и рестрикциите за патување не секогаш овозможуваат страните да присуствуваат на судските рочишта. Истовремено, во отсуство на јасни регулативи и прописи утврдени од страна на судот, употребата на ИТ решенија не се нужно соодветна замена на физичкото присуство. Се наметнува и дополнителното прашање на сигурни софтверски решенија со кои би се овозможила сигурна и стабилна врска. Одненадеж се јавуваат бројни предизвици кои можат да бидат проблематични во однос на ЕКЧП: слабата акустика во судницата, слабата интернет конекција, загриженоста околу личните податоци, достапноста на превод, пристапот на јавноста на рочиштата, и сл.

Европската комисија (*CEPEJ*) објави Декларација за „Научени лекции и предизвици со кои се соочува судството во текот на и по пандемијата на Ковид -19" во која се истакнуваат значителните напори на државните членки на СЕ да се приспособат на новите околности во кусо време, и на најдобар можен начин да ги искористат постојните ресурси за да го обезбедат функционирањето на судовите. Сепак, ваквата здравствена криза може да се повтори. Судските системи мора да се подготвени, особено што се однесува до делотворни решенија со кои ќе се овозможи континуитет во работата на судовите и пристап до правдата со истовремено почитување на човековите права.

Во документот „Судски рочишта и други судски процеси од далечина како одговор на Ковид COVID-19 во услови на Мисии и други несигурни услови" Службата на ОН за правда и пенитенцијарни прашања нагласува дека користењето на видео-тонски конференции и други технологии за водење судски рочишта и други судски процеси од далечина нема да се користат само за ублажување на ризиците од Ковид -19, туку тие ќе се разгледуваат и во рамки среднорочното и долгорочното планирање, како мерки што можат да го подобрат пристапот до правдата во контекст на небезбедна средина, ограничен транспорт, логистички и други пречки што можат да го попречат правораздавањето.

Тркалезната маса имаше за цел да ги разгледа аспектите на човековите права во контекст на организирањето и одржувањето на онлајн рочишта во судовите во одредени земји, и да ги адресира практичните прашања во врска со ваквите аранжмани и нивната компатибилност со барањата поставени во Конвенцијата.

Дискусиите главно се фокусираа на мерките што се усвоени за да се овозможи организацијата и одвивањето на судските рочишта во услови на изолација. Сепак, ова ново искуство ќе биде релевантно и по траењето на кризата со Ковид – 19 , со што тоа прераснува во добра можност за долгорочни промени и подобрувања во работата на националните судови.

# I. Преглед: Судска практика на Европскиот суд за човекови права и искуство на одредени земји

## 1. СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Одредени земји веќе подолго време ги користат ИТ технологиите и видео-тонските конференции кои имаат потенцијал да донесат поголема ефикасност и подобар пристап до правдата.  Но, предизвиците сè уште бројни.  Во судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) нема многу предмети во врска со ова прашање, но сетот стандарди утврдени во Конвенцијата се важечки и за рочишта од далечина. Согласно пресудата на Големиот судски совет во предметот Сахновски[ii], во смисла на Член 6 на ЕКЧП користењето на видео-тонска конференција не е ниту проблем, ниту предност.  Тоа е само технологија што може да се користи во судските постапки. Употребата на таквата технологија не ги иззема националните власти од обврските согласно Член 6 на ЕКЧП.  Главната цел на Член 6 е да се обезбеди целосна правичност на постапката, што се проценува во зависност од посебните околности на секој поединечен случај. Дали ќе се користи видео-тонска конференција, и за техничките аспекти во врска со тоа може да одлучува само судијата.  Тој или таа е во најдобра позиција да го обезбеди соодветниот тек на постапката, и да ги разгледа сите можни импликации што можат да произлезат од користењето на технолошки решенија во одреден предмет. Одлуката треба да е добро образложена и да овозможи правична рамнотежа меѓу правата на страните во постапката.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ИСКУСТВАТА НА ОДРЕДЕНИ ЗЕМЈИ

Експертите од Србија, Русија, Франција и Англија ги споделија искуствата од нивните земји во однос на примената на видео-тонските конференции во судските постапки, особено за време на кризата со Ковид- 19. Во повеќето од горенаведените земји тековните судења беа одложени за време на кризниот период, а во некои од нив предметите беа поделени по категории на итност, и се одржуваа или онлајн или во судница (почитувајќи ги превентивните здравствени мерки). Во Франција и Англија, видео-тонските конференции се користат многу пред изолацијата за време на Ковид – 19, а во Русија и Србија тие почнуваат да се користат повеќе за време на кризата.  Во Русија, видео-тонските конференции се користат повеќе во трговските судови.  Исто така, се воведува и посебен тип на рочишта од далечина, т.н. „хибриди“, при што судиите седат во судниците, а страните присуствуваат на рочиштето од далечина. Употребата на хибридните постапки најверојатно ќе продолжи и по завршување на пандемијата, од практични причини: со тоа се олеснува правораздавањето во голема земја како што е Русија, каде што регионите се на големо растојание едни од други.

И покрај тоа што одлуката за модалитетот на одржување на рочиштата е дискреционо право на судиите, во Франција се води дебата за тоа кој треба да ја носи одлуката (судиите или страните) дали рочиштата ќе се водат онлајн и во вообичаената форма.  Во Англија се забележени практични проблеми во услови кога судењето е со порота, и тие предмети биле одложени од безбедносни причини за време на изолацијата. Експериментот што го направи една англиска невладина организација покажува дека видео-тонските конференции се соодветни за кратки и едноставни

предмети, но дека тоа не е секогаш соодветно за сложени предмети. Во сите случаи, правичноста на постапката и интересот на правдата имаат клучно значење и тие мора да се земаат предвид.

## II. Процедурални гаранции

### 3. УЧЕСТВО НА СВЕДОЦИ И ЖРТВИ ОД ДАЛЕЧИНА И ОЦЕНУВАЊЕ НА СВЕДОШТВАТА

Што се однесува до учеството од далечина, клучното нерешено прашање е безбедноста на информациите и идентификување на страните. Техничкиот квалитет на видео-тонската конференција е предуслов за делотворно учество на сведоците. Руските трговски судови, на пример, имаат воведено платформи со информатички систем кој овозможува идентификување на страните во постапката. Но, со оглед на тоа дека овој систем не е достапен за општите судови, во одредени итни случаи сослушувањата се одвиваа на отворени платформи за комуникација, како што се Скајп и Вотсап. Скајп се користи и во српските судови, а прашањето за степенот на безбедност на комуникациските платформи останува отворено. Српското законодавство дава можност на учество на сведоци од далечина, особено на ранливи сведоци. Така што, учеството од далечина може да биде добро решение во случај кога сведокот не може да биде физички присутен.

Во Англија се изготвени посебни упатства за да им се помогне на сведоците при сведочењето во онлајн рочишта. Однесувањето кога постапката се одвива преку видео-тонска конференција треба да е исто како и во судницата. Но, одредени НВО го покренуваат прашањето на неможноста одредени сведоци со попреченост делотворно да учествуваат (особено оние со комуникациска попреченост). За разлика од тоа, за одредени категории сведоци учеството од далечина во судската постапка може да биде корисно (на пример, за малолетни лица или жртви на сексуални деликти). Во моментов, се чини дека на прашањето дали со расположливите методи може да се обезбеди автентичност на сведочењето на сведокот при вкрстено испрашување нема решение, и дека тоа веројатно ќе може да се реши со посебни технички решенија и прописи. Сѐ на сѐ, делотворноста на правдата генерално, и правичноста на постапките остануваат најважни аспекти што судија ги зема предвид при донесувањето на одлука за користење на видео-тонски конференции.

### 4. ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИ ВО УСЛОВИ НА РОЧИШТА ОД ДАЛЕЧИНА И РАЗМЕНА НА ХАРТИЕНИ ДОКУМЕНТИ

Во Англија, веќе со години вообичаена практика е да се има електронски пристап и размена на документацијата уште во раните фази на постапката, особено во кривичните предмети. Исто така, екстензивно се користи електронска пошта меѓу страните и судовите. Искуството на Русија за време на кризата покажува пораст на онлајн комуникацијата со судовите, што произлегува од потребата за интеракција и соработка меѓу страните и судиите. Презентирањето на доказите во онлајн постапките во Русија вообичаено се прави така што документите се поставуваат/прикачуваат на ИТ системот пред судењето. Меѓутоа, со оглед на тоа дека правилата за изведување докази не се многу строги, страните понекогаш не го почитуваат овој услов и презентираат нови списи на екранот за време на видео-тонската конференција. Со тоа може да се загрози ефикасното реагирање на другата страна на ново изведените докази за време на рочиштето. Во такви случаи, страната може веднаш да реагира на ново презентираните документи онлајн или да бара пауза. Овој вид проблем

не се јавува во Англија, затоа што страните се должни да информираат во која насока ќе се движи одбраната уште во предистражната постапка, а доколку тоа не го сторат тие не ќе можат да ја користат таквата одбрана подоцна.

## 5. ЈАВНА ПРИРОДА НА РОЧИШТАТА И ПРИСТАП НА ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ

Јавноста на рочиштата е важна пред сè поради потребата да се заштитат страните во спорот од тајно администрирање на правдата без јавен надзор, и како второ, поради потребата за одржување на довербата во судовите. Постапките што се одржуваат преку Скајп не се достапни за општата јавност, и може да се дебатира дали тоа е во согласност со барањата утврдени во Член 6 на ЕКЧП. Од друга страна, јавноста на рочиштата би придонело судовите да станат поотворени и подостапни без оглед на тоа дали се од далечина или не. Но тоа е можно само доколку информациите за онлајн рочиштата се јавно достапни. За да се надминат пречките во врска судењата што се одржуваат вон редовните судници, државите имаат обврска да преземат мерки за компензација, со кои ќе се обезбеди соодветна информираност на јавноста и медиумите за местото на одржување на рочиштето и ќе им се обезбеди ефективен пристап[iii].

Постојат две можности за пристап на јавноста до судењата: во реално време или преку запис. Во првиот случај треба да се земе предвид приватноста на учесниците во рочиштето и ризиците по истата. Во Англија сите рочишта на Врховниот суд се јавно достапни. Но, јавниот пристап до онлајн рочиштата може да предизвика нарушувања како што се напади на Зум, нарушувања од страна на јавноста, несоодветно снимање и повреда на приватноста.

Генерално, со снимањето на сите постапки (што е случај во одредени јурисдикции) може да се заштеди на средствата потребни за обезбедување на судските записи, и да се елиминираат проблемите во однос на нивната кредибилност и ризикот тие да се оспоруваат од страните во постапката.

За да се обезбеди гаранцијата за правично судење, важно е исто така видео снимањето на рочиштето да биде соодветно поставено: видео снимките треба да обезбедат целосен преглед на судницата, а не само на лицата кои говорат во даден момент.

## 6. ТОЛКУВАЊЕ

Србија има скромно искуство со толкувањето од далечина, и тоа во случаи на барање азил (со посредство на телефон и интернет технологија). Онлајн толкувањето, особено кога се работи за ретки јазици, овозможува ангажирање на толкувачи од локалната средина, забрзување на процедурите и намалување на трошоците (со оглед на тоа дека се иземаат патните трошоци за толкувачите). Од друга страна, техничките проблеми можат да влијаат врз толкувањето и динамиката на постапката. Исто така, во случај кога се користат несигурни комуникациски платформи давањето чувствителни сведоштва може да биде проблематично. Проблеми можат да се јават и кога се толкува на рочишта со голем број учесници.

Француското искуство кое опфаќа случаи на азил и притвор, покажува дека рочиштата на кои се користат повеќе јазици со посредство на толкувачи може да биде многу сложено. Научени се следните лекции: (1) толкувачот треба да биде физички блиску до лицето кое не го говори јазикот на судот, (2) толкувачот треба да биде видлив на екранот заедно со страните за кој што тој/таа

преведува, и (3) кога се користат видео линкови, судот треба да внимава на позицијата на толкувачот (и генерално на „аудио-визуелната екологија“ на судницата).

Генерално, во услови кога се користи видео-тонска конференција во постапките, судиите повеќе од вообичаено треба да ги земаат предвид логистичките и другите аранжмани потребни за одржување на рочишта од далечина.

Како и да е, судското дискреционо право игра голема улога во одлуката дали одреден предмет е соодветен за видео-тонска конференција, при што се земаат предвид интересите на правдата, целосната правичност на постапката, делотворноста на методот во секој поединечен случај и специфичните аспекти, како што се толкувањето, учеството на сведоци, расположливите технички решенија, нивната сигурност и сл.

# III. Комуникација со адвокат

## 7. ДОВЕРЛИВА КОМУНИКАЦИЈА СО АДВОКАТ ВО ТЕКОТ НА ОНЛАЈН РОЧИШТЕ

Доверливата комуникација меѓу клиентот и адвокатот во текот на кривичните постапки е една од гаранциите што се дава со Член 6. Правото на ефективна правна поддршка подразбира, меѓу другото, право на обвинетиот да комуницира со неговиот адвокат во доверливост. Доколку адвокатот не е во можност да се советува со неговиот клиент и да добива доверливи инструкции од него, без надзор, тогаш корисноста од неговата поддршка во голема мера се губи.[iv]

Треба да се води посебна грижа за соодветната поставеност (вклучително и техничката) во текот на онлајн рочиштата, за да се избегне каков било случај на притисок или влијание врз обвинетиот (особено ако е во притвор), нешта што може да не се видливи во случај кога рочиштето се одвива од далечина. Во граѓанските и управните постапки ваквиот ризик е помал, со оглед на тоа дека клиентите секогаш можат да имаат паралелна комуникација со нивните адвокати по телефон или да бараат пауза. Иако одложувањето е решение за обезбедување доверлива комуникација со адвокатот, во Франција адвокатите не секогаш го бараат тоа, затоа што на тој начин се попречува и забавува разгледувањето на предметот од страна на судот. Кога доверливите консултации на лице лишено од слобода со адвокатот се прават од далечина, може да се појави и проблемот на пристап на лицето до сигурен телефон или видео врска.

Во Франција не е регулирано каде треба да се наоѓа адвокатот во текот на рочиштето што се одвива онлајн (дали тој/таа треба да биде во судот со судиите или во затворот со клиентот). Не е регулирана ни ситуацијата во однос на потребата од доверлива комуникација меѓу адвокатот и клиентот.

Судската практика на ЕСЧП вклучува и предмет[v] во кој се утврдува повреда поради тоа што националниот суд не можел да го оправда назначувањето на адвокат на одбраната во жалбената постапка од регион кој е многу оддалечен од регионот каде што е задржано обвинетото лице, со што се попречува директната и осмислената комуникација. Исто така, има и предмети[vi] во кои ЕСЧП утврдува повреда на Член 6 поради тоа што клиентот и адвокатот не можеле доверливо да комуницираат затоа што во просторијата каде што тие зборувале се наоѓале и обвинителот и судскиот извршител. Во еден друг случај[vii] ЕСЧП јасно утврдува дека во услови кога клиентот е во

притвор, добро решение за овозможување доверлива комуникација меѓу адвокатот и клиентот може да биде безбедната телефонска линија.

## 8. ДАЛИ ВО ВИДЕО-ТОНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА СУДИЈАТА МОЖЕ ДА ГО ИСКЛУЧИ ТОНОТ ИЛИ ЦЕЛОСНО ДА ГО ИСКЛУЧИ АДВОКАТОТ И/ИЛИ СТРАНАТА ВО СПОРОТ? КОИ СЕ ПРОДУРАЛНИТЕ ПРАВИЛА?

Условот за правично судење и принципот на еднаквост на оружјата во судските постапки подразбира постоење на еднакви можности за учество на страните во постапката. Но, во одредени околности, судијата може да одлучи времено да ја исклучи од постапката страната која го нарушува нејзиниот тек. Во таков случај,  треба да се води сметка добро да се избалансираат правата на исклучената страна.  Иако во судската практика на Европскиот суд има предмети за исклучување на страните од судница, се чини дека сè уште нема соодветни предмети од ваков вид за онлајн рочишта на национално ниво.  Во Англија, водени се одредени дискусии во однос на сведоците кои го нарушуваат текот на постапката, тешкотиите при контролирањето на истите, и исклучувањето на тонот како краткорочно решение, водејќи притоа сметка севкупната правичност  на постапката.  За правната фела во Франција идејата за исклучување на тонот на страна во спорот е неприфатливо, бидејќи се смета дека на тој начин се загрозува условот за еднаквост на оружјата на одбраната и обвинителството.

## 9. КАКО ТРЕБА ДА СЕ ОДНЕСУВА СУДИЈАТА ВО СЛУЧАИ НА ЛОША ВРСКА И НЕМОЖНОСТ НА СТРАНАТА ДА СЛУША/ГОВОРИ?

Одржувањето на рочишта од далечина бара од судиите да поседуваат посебни технички вештини, посебни логистички аранжмани пред одржување на рочиштата и дополнителна одговорност при нивното водење.  За да се обезбеди квалитетна врска во текот на судската постапка, се препорачува одржување на симулација пред самото судење.  Насоките во врска со процедуралните и техничките прашања може да се извлечат од неодамнешните препораки на Меѓународната трговска комора на оваа тема.

Продолжувањето на постапката по одреден прекин не е лесна задача за судијата, затоа што треба да се обезбедат еднакви можности страните да ги презентираат нивните аргументи.  Посебна обука за судиите во таа насока веројатно би била корисна.  Во случај на технички прекин на постапката би можело да се разгледува и можноста за одложување на рочиштето.  Но, во тој случај би требало да се води сметка за севкупното времетраење на постапката.

## 10. ДАЛИ ЗА РОЧИШТАТА ОД ДАЛЕЧИНА ИМА ПОСЕБНИ ПРОЦЕДУРАЛНИ ПРАВИЛА И ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗЕМА ПРЕДВИД ВО ТАКОВ КОНТЕКСТ?

Кога се организираат и одржуваат онлајн рочишта, треба да се имаат предвид одредени прашања поврзани со нивното одржување, како што се логистиката, видливоста, етичката и севкупната правичност на постапката. Во таа смисла, корисно би било да има посебни упатства за страните.[viii] Прашањето е до кој степен тоа треба да се правно обврзувачки правила, или е доволно да постојат само меки правни насоки? Имајќи го предвид брзиот и постојан развој на технологијата, некои експерти сметаат дека мекото регулирање со давање насоки е подобро од правно обврзувачките правила. Сепак, начинот на кој што тоа ќе се регулира зависи до одреден степен од правниот систем во секоја поединечна земја.  Како и да е, важно е да постојат вакви насоки (во која и да е форма).

Дополнително на регулацијата, уште два други елемента се битни за успешно водење на судење од далечина: (1) соработка на страните во онлајн постапката, и (2) да се земаат предвид лекциите научени од претходните искуства со онлајн постапките.

Во Англија, онлајн рочиштата се добро регулирани. На пример, постојат посебни насоки за сведоците, а сега во правната заедницата се дискутира за потребата од проширување на ваквите насоки и за адвокатите.

Можеби ќе биде потребно да се ревидира процесното законодавство, а со цел тоа да се усогласи со новиот вид на рочишта преку видео врска. Одредени проблеми можат да јават доколку строго по закон се утврдува кои случаи и ситуации можат да се водат онлајн, без да се остави простор за дискреционото одлучување од страна на судиите, особено во критични ситуации како што е на пример здравствената криза со КОВИД-19.

# IV. Видео-тонски конференции при донесување одлука за определување притвор

## 11. ДАЛИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО ПРИТВОР МОЖЕ ДА СЕ ОДЛУЧУВА ПРЕКУ ВИДЕО-ТОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА? КОИ СЕ СПЕЦИФИКИТЕ НА ПОСТАПКАТА ПРИ ВАКВОТО ОДЛУЧУВАЊЕ?

За време на изолацијата поради Ковид -19, во одредени јурисдикции беа одржани рочишта од далечина за определување притвор. Во ваквите постапки има неколку проблематични аспекти: запознавањето на адвокатот со обвинетиот и нивната лична комуникација; отсуството на директен и доверлив контакт меѓу адвокатот и обвинетиот; дисциплината за време на рочиштата за определување притвор; ризикот од вршење притисок или влијаење врз обвинетиот; ангажирањето на страните во постапката.

Затоа, многу е важно да се обезбедат соодветни заштитни мерки и делотворното учество на задржаното лице во онлајн рочиштата за определување притвор, особено во случаи кога адвокатот не е во истата просторија со обвинетиот.

И покрај тоа што нема соодветна судска практика на ЕСЧП за Член 5 на Конвенцијата во врска со рочишта од далечина при определувањето притвор, ќе се применуваат истите принципи. Во такви случаи, запазувањето на временските рокови и логистиката може дополнително да ја усложнат постапката, а довербата и комуникацијата меѓу адвокатот и клиентот станува клучна. Согласно предметите Салдуз[ix]и Ибрахим[x] непочитувањето на процедуралните гаранции утврдени во Член 6 во текот на првичните сослушувања можат да ја загрозат правичноста на целата кривична постапка во одреден предмет, со што само се потенцира важноста на овој дел на постапката и довербата меѓу адвокатот и неговиот клиент.

Релевантни предмети на ЕСЧП:

- БИВОЛАРУ ПРОТИВ РОМАНИЈА (BIVOLARU v. ROMANIA (Бр. 2) бр. 66580/12, 2 октомври 2018 г.
- БЛОКИН против РУСИЈА (ГСС) (BLOKHIN v. RUSSIA - GC) бр. 47152/06, 23 март 2016 г.

- ДОЈЛ против ИРСКА (DOYLE v. IRELAND) бр. 51979/17, 23 мај 2019 г.
- ГРИАЗНОВ против РУСИЈА (GRYAZNOV v. RUSSIA) бр. 19673/03, 12 јуни 2012 г.
- ИДАЛОВ против РУСИЈА (IDALOV v. RUSSIA (Бр. 2) бр. 41858/08, 13 декември 2016 г.
- КАСПАРОВ И ДРУГИ против РУСИЈА (KASPAROV AND OTHERS v. RUSSIA) (Бр. 2) бр. 51988/07, 13 декември 2016 г.
- ХОДОРКОВСКИ И ЛЕБЕДЕВ против РУСИЈА (CHODORKOVSKIY AND LEBEDEV v. RUSSIA) бр. 11082/06, 13772/05, 25 јули 2013 г.
- МАКЕЈЕВ против РУСИЈА (MAKEYEV v. RUSSIA) бр. 13769/04, 5 февруари 2009 г.
- НЕКРАСОВ против РУСИЈА (NEKRASOV v. RUSSIA) бр. 8049/07, 17 мај 2016 г.
- РАЗВОЗЖАЈЕВ против РУСИЈА И УКРАИНА И УДАЛЦОВ против РУСИЈА (RAZVOZZHAYEV v. RUSSIA AND UKRAINE AND UDALTSOV v. RUSSIA, бр. 75734/12, 2695/15, 55325/15, 19 ноември 2019 г.
- РОХЛИНА против РУСИЈА (ROKHLINA v. RUSSIA) бр. 54071/00, 7 април 2005 г.
- САХНОВСКИ против РУСИЈА (SAKHNOVSKIY v. RUSSIA) бр. 21272/03, 2 ноември 2010 г.
- ШАЧАШВИЛИ против ГЕРМАНИЈА (SCHATSCHASCHWILI v. GERMANY) бр. 9154/10, 15 декември 2015 г.
- Т.П. И К.М против ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО (T.P. AND K.M. v. THE UNITED KINGDOM) бр. 28945/95, 10 мај 2001 г.
- ТРЕПАШКИН против РУСИЈА (TREPASHKIN v. RUSSIA (БР. 2) бр. 36898/03, 19 јули 2007 г.
- МАРЧЕЛО ВИОЛА против ИТАЛИЈА (MARCELLO VIOLA v. ITALY, бр. 45106/04, 5 октомври 2006 г.
- ГОЛУБЕВ против РУСИЈА (GOLUBEV v. RUSSIA (dec.), бр. 26260/02, 9 ноември 2006 г.
- ГРИГОРЕВСКИ против РУСИЈА (GRIGOREVSKIKH v. RUSSIA, бр. 22/03, 9 април 2009 г.
- САХНОВСКИ против РУСИЈА (SAKHNOVSKY v. RUSSIA) (ГСС], бр. 21272/03, 2 ноември 2010 г.
- ХИСМАТУЛИН против РУСИЈА (KHISMATULLIN v. RUSSIA, бр. 33469/06, 11 декември 2014 г.
- БИВОЛАРУ против РОМАНИЈА (BIVOLARU v. ROMANIA (бр. 2), бр. 66580/12, 2 октомври 2018 г.

## ГОВОРНИЦИ

Г. **Василиј Лукашевич**, виш адвокат, Регистар на Европскиот суд на човекови права

Др. **Марија Филатова**, Вонреден професор на Правниот факултет при Вишата школа по економија (Русија), каде таа е Раководител на Лабораторијата за меѓународна правда. Г-ѓа Филатова има соработувано со Советот на Европа на многу прашања поврзани со ЕКЧП, особено за процедуралните гаранции во судските постапки.

Г. **Џереми Мекбрајд**, адвокат, Монктон Чејмберс (ОК). Г. Мекбрајд е адвокат за човекови права кој застапува клиенти пред Европскиот суд за човекови права и телата надлежни за договорите на ОН, и бил член на Научниот комитет ЕУ-ФРА. Тој има изготвено повеќе стручни мислења за СЕ за прашања поврзани со ЕКЧП и кривичните постапки.  Автор е на книга на оваа тема, која доживеа две изданија и е преведена на многу европски јазици.

Др. **Ивана Крстиќ**, Вонреден професор, Правен Факултет, Белградски универзитет (Србија). Г-ѓа Крстиќ е стручњак за меѓународно кривично право и европско право за човекови права; таа ја води правната клиника за човекови права при Белградскиот универзитет.

Г-дин **Кристијан Ликоп**, професор по Социологија на информатичките и комуникациските технологии, Национална школа за телекомуникации Париз-тех (Франција). Г Ликоп првично се образувал како инженер (Политехничка школа) и ја истражувал физиката на кондензираната материја. Потоа се свртува кон историја на науката и социологија на дигиталното.  Врши екстензивни истражувања  и објавува повеќе трудови за употребата на видео конференциите во судските постапки.  Како научен експерт соработува и со Европската комисија за ефикасна правда (CEPEJ).

---

[i] МУРТАЗАЛИЈЕВА против РУСИЈА, бр.. 36658/05, 18 декември 2018 г.

[ii] САХНОВСКИ против РУСИЈА  [ГСС], бр. 21272/03, 2 ноември 2010 г.

[iii] РИЕПАН против АВСТРИЈА (RIEPAN v. AUSTRIA), no. 35115/97, 14 ноември 2000 г.

[iv] С. против ШВАЈЦАРИЈА, бр. 12629/87 и 13965/88, 28 ноември 1991 г.

[v] САХНОВСКИ против РУСИЈА [ГСС], бр.. 21272/03, 2 ноември 2010 г

[vi] ИЧЕТОВКИНА И ДРУГИ против РУСИЈА, бр.. 12584/05 и 5 други, 4 јули 2017 г.

[vii] МАРЧЕЛО ВИОЛА против ИТАЛИЈА, бр. 45106/04, 5 октомври 2006 г.

[viii] Види Декларација на CEPEJ за "Научени лекции и предизвици за судството за време на и по пандемијата на Ковид -19 ".

[ix] САЛДУЗ против ТУРЦИЈА SALDUZ v. TURKEY, no. 36391/02, 27 ноември 2008 г.

[x] ИБРАХИМ И ДРУГИ против ОБИДЕНТОТО КРАЛСТВО, бр. 50541/08 и други, 13 септември 2016 г.

*Овој извештај е подготвен со финансиската поддршка на Европската унија и Советот на Европа. Ставовите презентирани во него на ниеден начин не би требало да се сфатат дека го одразуваат официјалниот став на двете организации*

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа